Европска
Комисија



© Thinkstock, Kisa_Markiza

# СТРАТЕГИЈА НА ЕУ ЗА **ДУНАВСКИОТ РЕГИОН**

Стратегијата на ЕУ за Дунавскиот регион (EUSDR) е втората макро-регионална стратегија на ЕУ донесена од Европската комисија во 2010 година и одобрена од Европскиот совет во 2011 година.

Стратегијата вклучува **14 земји** по течението на реката Дунав и опфаќа површина на која живеат **112 милиони луѓе**, односно една петтина од населението на ЕУ.

**9 земји-членки на ЕУ**: Австрија, Бугарија, Чешката Република, Хрватска, Германија (Баден Виртемберг, Баварија), Унгарија, Словачката Република, Словенија и Романија

**5 земји кои не се членки на ЕУ**: Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Србија и Украина (Одеса, Ивано-Франкивск, Чернивци и Закарпатја).

DANUBE REGION strategy

**Стратегијата се фокусира на четири столба, а во рамки на секој од столбовите има конкретни активности за соработка во кои се утврдени приоритетните области:**

## ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕГИОНОТ:

- Подобрување на мобилноста и на транспортните врски
- Поттикнување поголемо искористување на одржливата енергија
- Промовирање култура и туризам

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА:

- Обновување и одржување на квалитетот на водата
- Справување со еколошките ризици
- Зачувување на биолошката разновидност, на пределите и на квалитетот на воздухот и почвата

## ГРАДЕЊЕ ПРОСПЕРИТЕТ:

- Создавање општество на знаење
- Поддршка за конкурентноста на претпријатијата
- Вложување во луѓе и во вештини

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕГИОНОТ:

- Зголемување на институционалните капацитети и на соработката
- Соработка во насока на унапредување на безбедноста и сузбивање на организираниот и сериозниот криминал

*Регионална и урбана политика*

## РЕЗУЛТАТИ ПОСТИГНАТИ ДОСЕГА

Шесте години на спроведување на Стратегијата на ЕУ за Дунавскиот регион покажаа дека таа дава резултати. Благодарение на Стратегијата, неколку нови значајни макро-регионални проекти беа започнати или проширени (на пр. во областите пловност и климатски промени). Со вклучување различни релевантни фактори на различни нивоа, Стратегијата придонесе за подобрување на културата на соработка и помогна да се развие мултикултурен дијалог. Помогна и во зајакнување на координацијата и создавање синергија помеѓу политиките и институциите на национално ниво, и даде поддршка за интензивната тематска соработка со земјите кои не се членки на ЕУ, како и помеѓу постоечките меѓународни организации во регионот.

## НЕКОИ ОД КОНКРЕТНИТЕ ПРИМЕРИ СЕ СЛЕДНИВЕ:

- Координираното управување со ризик преку проекти како **SEERISK** значително го намалува ризикот од штети од поплави;
- Тесните грла за пловноста во Дунав се отстрануваат и се подобрува безбедноста на пловидбата преку проекти како што се **FAIRWAY** и **DARIF – Дунавски речен форум;**
- Културниот дијалог и активното учество на млади луѓе во граѓанското општество во Дунавскиот регион се поттикнуваат преку проекти како што е „**Зајакнување на младите - поврзување на Европа**“.




## ДАЛИ СТЕ ЗНАЕЛЕ?

- Во светски рамки, Дунав (2860 km) е река која е присутна во најголем број земји, односно поминува низ 10 земји и се протега во 19 земји, при што најголем дел од речниот слив на Дунав ѝ припаѓа на Романија (околу 29%).
- Делтата на Дунав е најголемото природно мочуриште и најголемата површина со барска трска во Европа и е дом на најголемата колонија на пеликани надвор од Африка (2500 парови пеликани доаѓаат секоја пролет во Делтата на Дунав за да се размножуваат)[1].
- Дунавскиот регион ги опфаќа најразвиените, но и некои од најсиромашните региони во ЕУ, каде во 2015 година БДП по глава на жител во најбогатиот регион беше околу шест пати поголем од оној во најсиромашниот. Разликата е уште поголема доколку се прави споредба со земји кои не се членки на ЕУ[2].

1) Извор: WWF Global, УНЕСКО
2) Извор: Евростат:
http://ec.europa.eu/eurostat/news/themes-in-the-spotlight/regional-gdp

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

https://www.danube-region.eu/

Стратегија за Дунавскиот регион: Успешни приказни:
http://europa.eu/!JM99Nm

@RegioInterreg, @EU_Regional

Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2017 © European Union, 2017
Reuse is authorised provided the source is acknowledged.
*Printed by the Publications Office in Luxembourg*

Služba za publikacije

| Print | PDF |
| --- | --- |
| ISBN 978-92-79-74494-5 | ISBN 978-92-79-74485-3 |
| doi:10.2776/050680 | doi:10.2776/97880 |
| KN-06-17-230-MK-C | KN-06-17-230-MK-N |